# Службен весник на Република Македонија

**Број 242** **27 декември 2018, четврток** **година LXXIV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4552. | **Одлука** за разрешување на членови на Владата на Република Македонија..... | 2 |
| 4553. | **Одлука** за избор на членови на Владата на Република Македонија..... | 2 |
| 4554. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад..... | 2 |
| 4555. | **Одлука** за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор..... | 3 |
| 4556. | **Одлука** за основање на Јавно претпријатие Колекторски систем..... | 4 |
| 4557. | **Одлука** за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор..... | 5 |
| 4558. | **Одлука** за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди дел од деловен простор на другите сосопственици на деловниот простор..... | 6 |
| | **Огласен дел**..... | 1-8 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4552.**

Врз основа на членот 94 став 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 декември 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Од функцијата член на Владата на Република Македонија се разрешуваат:

- Аднан Ќахил, министер без ресор и
- Аксел Ахмедовски, министер без ресор.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-7510/1 | Претседател на Собранието |
| 26 декември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

---

**4553.**

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 13 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 декември 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За членови на Владата на Република Македонија, се избираат:

- Елвин Хасан, за министер без ресор и
- Музафер Бајрам, за министер без ресор.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-7512/1 | Претседател на Собранието |
| 26 декември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Талат Џафери,** с.р. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4554.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на движни ствари - опрема кои немаат вредност односно се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31 декември 2017 година, број 02-98/3 од 08.2.2018 година, донесена од Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10493/1 Претседател на Владата
25 декември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**4555.**

Врз основа на член 11 став (2) од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16, 106/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ СО ПОДАВКА ПРЕКУ НОТАР ДА СЕ ПОНУДИ ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА ДРУГИТЕ СОСОПСТВЕНИЦИ НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност со подавка преку нотар да се понуди идеален дел 165/17335 од недвижни ствари згради – деловни простории, сопственост на Агенцијата за вработување на Република Македонија, кои се наоѓаат на улица „Маршал Тито“ бб во Тетово, КП бр. 3039, КО Тетово – 1, запишани во Имотен лист бр. 102979, и тоа:

- зграда 1, кат ПР влез 1 број 1 , намена Г 4-7, површина 5412 м²,
- зграда 2, кат ПР влез 1 број 1, намена Г 4-7, површина 2376 м²,
- зграда 3, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 1176 м²,
- зграда 4, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 880 м²,
- зграда 5, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 890 м²,
- зграда 6, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 774 м²,
- зграда 7, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 794 м²,
- зграда 9, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 548 м²,
- зграда 9, кат К , влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 465 м²,
- зграда 10, кат ПР влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 606 м²,
- зграда 11, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 437 м²,
- зграда 12, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 423 м²,
- зграда 13, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 330 м²,
- зграда 14, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 275 м²,
- зграда 15, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 242 м²,
- зграда 16, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 256 м²,
- зграда 17, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 222 м²,
- зграда 18, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 168 м²,
- зграда 19, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 134 м²,
- зграда 20, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 123 м²,
- зграда 21, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 129 м²,
- зграда 22, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 102 м²,
- зграда 23, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 83 м²,
- зграда 24, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 66 м²,
- зграда 25, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 71 м²,
- зграда 26, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 320 м²,
- зграда 27, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 33 м²,

на сосопствениците Фонд за здравственото осигурување на Македонија, Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми „Македонски шуми“, Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, ЈЗУ Општа болница Борка Талески - Прилеп и ДГТУ Јелак Градба ДООЕЛ увоз – извоз Тетово, по цена определена со процената на овластен проценител бр. СВ 5 133/18-3 од 25.12.2018 година од Бирото за судски вештачења соодветно на идеалниот дел на Агенцијата за вработување на Република Македонија, што претставува 1.749.120,00 денари.

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-10917/1 | Претседател на Владата |
| 25 декември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**4556.**

Врз основа на член 9 став 4 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18) и член 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ**

Член 1

Се основа Јавното претпријатие Колекторски систем.

Член 2

Јавното претпријатие Колекторски систем работи под фирма:

„Јавно претпријатие Колекторски систем“.

Скратен назив на фирмата е:

„ЈП Колекторски систем“.

Член 3

Седиштето на Јавното претпријатие Колекторски систем е во Скопје на ул.Пушкарска бр. 33 локал 11.

Член 4

Приоритетна дејност на Јавното претпријатие Колекторски систем е собирање, одведување и прочистување на отпадни води преку канализациони системи со пречистителни станици (колекторски системи) и нивно испуштање во реципиент за заштита на Охридското Езеро, како и планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација на колекторскиот систем.

Шифра на дејност на Јавното претпријатие Колекторски систем е:

-37.00 - Отстранување на отпадни води;

Покрај приоритетната дејност Јавното претпријатие Колекторски систем ќе ги врши сите дејности утврдени со НКД.

Член 5

Средствата за основање на Јавното претпријатие Колекторски систем се во висина од 5.000.000,00 денари кои се наоѓаат на сметката на Влада на Република Македонија во рамки на трезорска сметка и се дел од салдото на денот на отворање на сметката за Јавното претпријатие Колекторски систем и истите од страна на Министерството за финансии ќе бидат префрлени на сметката на Јавното претпријатие колекторски систем.

Средствата за текот на работењето ќе се обезбедуваат преку остварување на приходи од тековното работење согласно Законот за комуналните дејности.

Член 6

Јавното претпријатие Колекторски систем се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за кое се основа.

Заради вршење на работите на Јавното претпријатие Колекторски систем се формираат:

- подружници
- сектори и
- одделенија.

Член 7

Органи на Јавното претпријатие Колекторски систем се: управен одбор, надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење и директор.

Спроведување на одлуките на органите на управување го обезбедува директорот на Јавното претпријатие Колекторски систем.

Член 8

Надлежностите, бројот, составот, правата и обврските, организацијата и работењето на органите на Јавното претпријатие Колекторски систем и начинот на спроведување на одлуките на органите, како и други работи од значење од делокругот за работењето на претпријатието се утврдуваат со Статутот на Јавното претпријатие Колекторски систем.

Член 9

Се именува Владимир Алексијоски, како лице кое ќе ги води работите на препријатието до неговото конституирање и работите за запишување на Јавното претпријатие Колекторски систем во Република Македонија во Централниот регистар на Република Македонија, како и другите активности потребни за отпочнување со работа на Јавното претпријатие.

Член 10

За обврските во правниот промет Јавното претпријатие Колекторски систем одговара со сиот свој имот.

Член 11

Именувањето на членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а именувањето на директорот и донесувањето на Статутот на Јавното претпријатие Колекторски систем ќе се спроведе во рок од 30 дена од денот на именувањето на членовите на Управниот одбор.

Член 12

Јавното претпријатие Колекторски систем ќе се регистрира во Централниот регистар во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 13

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-10939/2 | Претседател на Владата |
| 11 декември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**4557.**

Врз основа на член 11 став (2) од Законот за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16, 106/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.12.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ СО ПОДАВКА ПРЕКУ НОТАР ДА СЕ ПОНУДИ ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА ДРУГИТЕ СОСОПСТВЕНИЦИ НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност со подавка преку нотар да се понуди идеален дел 2557/17335 од недвижни ствари згради - деловни простории, сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, кои се наоѓаат на улица „Маршал Тито“ бб во Тетово, КП бр.3039, КО Тетово - 1, запишани во Имотен лист бр. 102979 и тоа:

- зграда 1, кат ПР влез 1 број 1 , намена Г 4-7, површина 5412 $м^2$,
- зграда 2, кат ПР влез 1 број 1, намена Г 4-7, површина 2376 $м^2$,
- зграда 3, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 1176 $м^2$,

- зграда 4, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 880 м²,
- зграда 5, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 890 м²,
- зграда 6, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 774 м²,
- зграда 7, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 794 м²,
- зграда 9, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 548 м²,
- зграда 9, кат К , влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 465 м²,
- зграда 10, кат ПР влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 606 м²,
- зграда 11, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 437 м²,
- зграда 12, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 423 м²,
- зграда 13, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 330 м²,
- зграда 14, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 275 м²,
- зграда 15, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 242 м²,
- зграда 16, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 256 м²,
- зграда 17, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 222 м²,
- зграда 18, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 168 м²,
- зграда 19, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 134 м²,
- зграда 20, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 123 м²,
- зграда 21, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 129 м²,
- зграда 22, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 102 м²,
- зграда 23, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 83 м²,
- зграда 24, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 66 м²,
- зграда 25, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 71 м²,
- зграда 26, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 320 м²,
- зграда 27, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 33 м² ,

на сосопствениците Агенција за вработување на Република Македонија, Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, ЈЗУ Општа болница Борка Талески - Прилеп, Јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми „Македонски шуми" - Скопје и ДГТУ Јелак Градба ДООЕЛ увоз – извоз Тетово, по цена определена со проценатa на овластен проценител бр. СВ 5 133/18-3 од 25.12.2018 година од Бирото за судски вештачења соодветно на идеалниот дел на Фонд за здравствено осигурување на Македонија, што претставува 27.106.054,00 денари.

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-10981/1 | Претседател на Владата |
| 25 декември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**4558.**

Врз основа на член 11 став (2) од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16, 106/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ СО ПОДАВКА ПРЕКУ НОТАР ДА СЕ ПОНУДИ ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА ДРУГИТЕ СОСОПСТВЕНИЦИ НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност со подавка преку нотар да се понуди идеален дел 5/17335 од недвижни ствари згради–деловни простории, сопственост на Јав-

ното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми”–Скопје, кои се наоѓаат на улица „Маршал Тито“ бб во Тетово, КП 3039, КО Тетово – 1, запишани во Имотен лист бр. 102979, и тоа:

- зграда 1, кат ПР влез 1 број 1 , намена Г 4-7, површина 5412 м²,
- зграда 2, кат ПР влез 1 број 1, намена Г 4-7, површина 2376 м²,
- зграда 3, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 1176 м²,
- зграда 4, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 880 м²,
- зграда 5, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 890 м²,
- зграда 6, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 774 м²,
- зграда 7, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 794 м²,
- зграда 9, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 548 м²,
- зграда 9, кат К , влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 465 м²,
- зграда 10, кат ПР влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 606 м²,
- зграда 11, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 437 м²,
- зграда 12, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 423 м²,
- зграда 13, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 330 м²,
- зграда 14, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 275 м²,
- зграда 15, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 242 м²,
- зграда 16, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 256 м²,
- зграда 17, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 222 м²,
- зграда 18, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 168 м²,
- зграда 19, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 134 м²,
- зграда 20, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 123 м²,
- зграда 21, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 129 м²,
- зграда 22, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 102 м²,
- зграда 23, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 83 м²,
- зграда 24, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 66 м²,
- зграда 25, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 71 м²,
- зграда 26, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 320 м²,
- зграда 27, кат ПР, влез 1 број 1 намена Г 4-7, површина 33 м²,

на сосопствениците Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, ЈЗУ Општа болница Борка Талески-Прилеп и ДГТУ Јелак градба ДООЕЛ увоз–извоз Тетово, по цена определена со процената на овластен проценител бр.СВ 5 133/18-3 од 25.12.2018 година од Бирото за судски вештачења соодветно на идеалниот дел на Јавно претпријатие за стопанисување со државни шуми „Македонски шуми“-Скопје, што претставува 53,004,00 денари.

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Македонски шуми“-Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11032/1 | Претседател на Владата |
| 25 декември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622

2018242